| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 263/2, 263/6, 264/2 и 275 КО Мрзенци, општина Гевгелија |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДГТИ ,,ДОМИНГ ЈТД,, Радовиш |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Гевгелија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Александар Ѓорѓиев, м.и.а |
| Назив на работното место | Планер потписник |
| Контакт податоци за лицето | 078/237-423 |

<table>
<tr><th colspan="4">Основни податоци за планскиот документ</th></tr>
<tr><td colspan="4">Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Изработката на на овој плански документ се спроведува согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.225/20) и Правилникот за Изменување и дополнување на правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.219/21, 104,22 и 99/23).</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да☒<br>Не☐</td></tr>
<tr><td colspan="4">Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?</td></tr>
<tr><td colspan="4">За предметниот опфат нема важечка урбанистичко планска документација. Урбанистичко планската документација е изработена врз основа на Просторниот План на Република Северна Македонија според кој се изработени Условите за планирање на просторот од страна на Агенција за планирање на просторот со технички број Y15224 од април 2024, за кои Услови е добиено Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП 1-15 870/2024 од 25.04.20243 година.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да, просторно и урбанистичко планирање.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)</td></tr>
<tr><td>Да ☒<br>Не ☐</td><td>Член: 65</td><td>Точка: 2</td><td>Алинеја: /</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да. Во случајот станува збор за урбанистички проект за површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште).</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 10.444 м2 неизградено земјиште.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Цел на изработката на урбанистички проект е да се формира една градежната парцела со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за произвотство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 263/2, 263/6, 264/2 и 275 КО Мрзенци. Проектниот опфат се наоѓа северозападно од градот Гевгелија во Мрзенци, општина Гевгелија. Светска тенденција е да се користат алтернативни извори за производство на електрична енергија. Цел на изработување на УП е да се оформи градежна парцела за изградба на фотоволтаична електрана за производство на електрична енергија што преставува стратешки потег во</td></tr>
</table>

| |
|---|
| обезбедување на енергетска независност како и зачувување на земјиштето од загадување. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Планскиот период за кој се изработува Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 263/2, 263/6, 264/2 и 275 КО Мрзенци, општина Гевгелија е за период од 5 години. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| По истекот на планскиот период. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Проектниот опфат ги зафаќа КП 263/2, 263/6, 264/2 и 275 КО Мрзенци кои се во приватна сопственост на инвеститорот. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Фотоволтаичната централа со својот незагадувачки технолошки процес на производство на електрична енергија и профитабилност позитивно ќе влиае на економскиот развој на општината, а нема да влијаат на загадување на човековата околина. Изборот за локација за ваков вид на намена на земјиштето е резултат на анализа дека со планираните градби не би се влијаело на постојнато соседно земјоделско земиште и можноста земјиштето во граница на проектен опфат да се врати во првобитната состојба без нарушување на животната средина и непосредната околина. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот. Меѓутоа, веројатноста дека усвојувањето на УП-от ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата | Опфатот на планскиот документ е со површина од 10.444 м2 , која се наоѓа вон населено место во |

| | |
|---|---|
| која ќе биде засегната). | општина Гевгелија, во атарот на село Мрзенци. Пристап до проектниот опфат е од постојан земјан пат (КП 274 КО Мрзенци) од јужна страна. |

Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:

Позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината , зголемено искористување на обновливите извори на енергија , помал увоз на електрична енергија , отварање на нови работни места , зголемување на стапката на економски раст , стимулирање на развојот на останатите дејности , проектирањето , комуналните дејности , градежништвото , трговијата , начинот на живеење и сл. , зголемување на приходите на локалната самоуправа , подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. Обемот, динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија на дел од локалитетот кој е предмет на изработка на УП вон урбан опфат, ги опфаќа сите трошкови за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето, изградба на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување. Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ. Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на објектите на теренот, планските одредби од Прострониот План изработен претходно споредени со планските решенија кои ги нуди предметниот план.

Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:

Не се очекува да има влијание врз околната област.

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На предметната локација не е евидентирано културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина ниту на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Изградбата на фотоволтаичните панели ќе се гради на земјоделско земјиште кое со уредувањето ќе добие статус на градежно земјиште. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема евидентирани заштитени подрачја и посебни пејсажни вредности. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со УП се предвидува класа на намена на земјиштето - Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани а освен основната, не се предвидуваат компатибилни класи на намена. Со планскиот документ се предвидуваат изградба на објекти за кои не е предвидено спроведување на постапка за ОВЖС(EIA)-оцена на влијанието врз животната средина.

| |
|---|
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Донесувањето на овој УП ќе има влијанија кои се огледаат во следните области од животната средина:<br>- воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметната локација(во текот на изградба на предвидените објекти). Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот.<br>- површински и подземни води- со реализација на овој УП не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води. Тоа подразбира детална идентификација на овие извори при имплементација на овој УП со цел преземање на соодветни мерки за спречување и елиминирање на негативните влијанија врз подземните и површинските води.<br>- бучава- во фазата на реализација на проектот се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација. Имајќи предвид дека локацијата за која се работи овој УП се наоѓа покрај постоечки пат, не се очекува значајно негативно влијание врз животната средина.<br>- отпад- во фазата на реализација и експлатација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва, подземни води, воздух итн.).<br>- флора и фауна- реализацијата на објектите предвидени во планскиот опфат ќе доведе до деградирање на живеалиштата на одредени видови фауна, и прекинување на ареалите на движење, се очекува раселување на дел од животинскиот свет. Посебно заради фактот дека птиците се осетливи на човековото присуство, се очекува предвидените објекти, врз нив да има најголемо влијание. Динамиката на ваквите влијанија ќе завист од динамиката на реализацијата. Негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни.<br>Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови . Проектите базирани на обновливи извори на енергија , покрај соодветните смалувања на емисиите на стакленички гасови можат да се поврзат и други придобивки кои се во насока на одржлив развој.<br>Како такви , овие проекти можат да се квалификуваат преку механизмот за чист развој со што се подобрува економијата на проектот , а со тоа се зголемува интересот , пред се , на странски инвеститори .<br>Значи , планскиот документ има позитивно влијание кон одржливоста и намалување |

| |
|---|
| на еколошките проблеми. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина: - зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите); - зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација); - зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлатација на објектите предвидени во планскиот опфат); |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Овој плански документ е поврзан со следниве документи:<br>• Просторен пла на РМ;<br>• ЛЕР Гевгелија 2011;<br>• Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да |

| | |
|---|---|
| започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставаат до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на општина Гевгелија<br>Андон Сарамандов |
| Датум 05.07.2024<br>Место Гевгелија | М.П. |

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина**
**Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-375/4 од 05.07.2024 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл.в на РМ бр:53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/10 ,51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 44/15 , 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл.в на РСМ 89/22), Општина Гевгелија на ден 05.07.2024 година, донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 263/2, 263/6, 264/2 и 275 КО Мрзенци, општина Гевгелија согласно Законот за урбанистичко планирање со тех.бр. 028/2024-И од јуни 2024год. изработен од ДГТИ ,,ДОМИНГ ЈТД,, Радовиш не е потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гевгелија на следната веб адреса: www.gevgelija.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 263/2, 263/6, 264/2 и 275 КО Мрзенци, општина Гевгелија согласно Законот за урбанистичко планирање, нема да има влијание врз животната средина.

4. Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо. Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води, влијанието врз почвата, влијанието поврзано со управување со отпад се исто така минимални и занемарливи. Позитивни влијанија ќе има врз социо-економската состојба на населението преку вработување и економска благосостојба.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 28.10.2024
| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | | | |

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП1-15-1455/2024

Дата/Data: 22-10-2024

До: Општина Гевгелија
Ул. Димитар Влахов бр. 4
1480 Гевгелија
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 11-375/5 од 11.07.2024 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под бр.УП1-15-1455/2024 од 19.07.2024 год., поврзано со постапка за носење на планска документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП бр. 263/2, КП бр. 263/6, КП бр. 264/2 и КП бр. 275, КО Мрзенци – Општина Гевгелија, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина бр. 11-375/4 од 05.07.2024 год. и Формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање **ги прифаќа.**

Deri te: Komuna e Gjevgjelisë
Rr. Dimitar Vlahov nr. 4
1480 Gjevgjeli
Republika e Maqedonisë së Veriut

Lënda: Njoftim
Lidhja: numri juaj 11-375/5 nga data 11.07.2024

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën tuaj të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr. UP1-15-1455/2024 nga data 19.07.2024, e cila lidhet me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për Projektin Urban jashtë zonës së planit urbanistik me destinim E1.13 – Termocentrale diellore dhe fotovoltaike sipërfaqësore (panele fotovoltaike për prodhimin e energjisë elektrike, të cilat janë duke u ndërtuar nga toka) në PK nr. 263/2, PK nr. 263/6, PK nr. 264/2 dhe PK nr. 275, KK Mërzenci – Komuna e Gjevgjelisë, ju informojmë se, në përputhje me Ligjin për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimi juaj për mosrealizimin e Vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor me nr. 11-375/4 nga data 05.07.2024 dhe Formulari, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor **i pranon.**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimi së bashku me formularët detyrimisht të publikohen në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Со почит,

Me respekt,

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
Shkup
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Зарије Абази/Zarije Abazi, помлад соработник/bashkëpunëtor i ri
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска, помошник раководител на сектор/ndihmës udhëheqës i sektorit
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi:Resmi Ejupi/Ресми Ејупи, Државен секретат/Sekretar shtetëror
Согласен /Me pëlqim të: Недим Рама/Nedim Rama, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit
Согласен /Me pëlqim të: Хусамед Агушовски/Husamed Agushovski, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit